РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Општина Чучер - Сандево
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Општина Чучер - Сандево
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
Komuna Çuçer-Sandevë
Бр.09-1339/1
09-10-2023 год.
ЧУЧЕР-САНДЕВО

Врз основа на точка 4.5 сатав 2 од Програмата за спорт и рекреација за 2023 година на Општина Чучер-Сандево бр.08-1464/13 од 28.12.2022 и Измрните на Програмата за спорт и рекреација за 2023 година на Општина Чучер-Сандево бр.08-1258/3 од 29.09.2023 година а врз основа на член 3 сатав 2 од Правилникот за утврдување на критериумите и постапката за доделување на средства за признанија и награди во областа спорт и рекреација од Буџетот на Општина Чучер-Сандево, Општина Чучер-Сандево објавува

**Ј А В Е Н  П О В И К бр.03/2023**

за доделување на средства за признанија и награди во областа на спорт и рекреација од Буџетот на Општина Чучер-Сандево за 2023 година

Се повикуваат физичките лица кои имаат постигнувања во областа спорт и рекреација, своите барања за распределба на средства од Буџетот на Општина Чучер-Сандево за 2023 година да ги достават до Општина Чучер-Сандево.

Распределбата на средствата од Буџетот на Општина Чучер-Сандево за 2023 година, наменети за финансирање на физички лица кои имаат признанија и награди во областа на спортот и рекреација, во надлежност на општината, ќе се врши согласно Правилникот за утврдување на критериумите и постапката за доделување на средства за признанија и награди во областа спорт и рекреација од Буџетот на Општина Чучер-Сандево. Средствата се доделуваат еднократно.

Основни критериуми кои треба да ги исполнуваат учесниците на Јавниот повик за добивање на средствата се:

1. Барателот да е жител на Општина Чучер-Сандево;
2. Барателот кон барањето да достави портфолио за постигнати резултати односно краток есеј со кој ќе прикаже:

а) значење на програмите, проектите или активностите за општината, регионот, Републиката или значење од меѓународен карактер;
б) можност за афирмација на општината;
в) претходни успеси, добиени награди во општината, регионот, Републиката или меѓународни награди;
г) временски период за реализација на истите;
д) висина на обезбедени средства од донатори или други извори.

Учесниците на јавниот повик кон пријавата треба да ја доставаат следната документација:

1. Фотокопија од лична карта од барателот или законски застапник (родител);
2. Извод од матична книга на родени;
3. Трансакциска сметка на барателот или законски застапник (родител);
4. Пофалници;
5. Дипломи;
6. Уверенија;
7. Потврда или друга соодветна документација издадена од клубот во кој што членува со кој се потврдуваат постигнатите успеси.

Од пристигнатите барања ќе бидат евалуирани само барањата кон кои се приложени докази за постигнати резултати во период од 30-ти Октомври во претходната година до 30-ти Октомври во тековната година.

Барањето со целокупната документација се доставува во затворено плико со назнака „За јавен повик бр.3/2023 за прибирање на барања за доделување на средства за признанија и награди во областа на спортот и ректеација од Буџетот на Општина Чучер-Сандево за 2023 година", преку пошта или директно во архивата на Општина Чучер Сандево, на адреса ул. 4, бр.6 с. Кучевиште до 31.10.2023 година.

Учесниците на јавниот повик за резултатите ќе бидат известени во рок 15 дена од денот на завршување на овој повик.

**ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**

---------------------------------------
**Сашко Комненовиќ**